**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-422/5**

**Скопје, 28.09.2007 година**

## БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ- ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Биро за стоковни резерви за 2006 година сметка за самофинансирачки активности кои се прикажани на страниците 5 и 6.
2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Биро за стоковни резерви за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:

   -Радован Попоски, директор на Бирото за стоковни резерви до 29.08.2006
   -Гордана Ивановиќ, директор на Бирото за стоковни резерви од 5.09.2006

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 11.05 до 06.06.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.
8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 10.1.1. Процес на плаќања

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли и истите функционираат на начин кој гарантира дека:

- плаќањата се направени само за примените добра и услуги
- не постои можност за располагање со парични средства без одобрение на овластено лице.

Имено, постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените како и јасно дефиниран систем за одобрување на трансакциите.

#### 10.1.2. Процес на јавни набавки

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли и истите функционираат на начин кој гарантира дека:

- при спроведувањето на постапките за јавни набавки се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки како и методологијата од Министерството за финансии;
- јавните набавки во Бирото за стоковни резерви во 2006 година се спроведени согласно Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви донесена од Владата на Република Македонија за 2006 година
- обезбедена е фер конкуренција за еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентост и јавност.

#### 10.1.3. Процес на формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви ревизијата констатира дека истиот осигурува дека државата во секој момент располага со законски

предвидените залихи на стоковните резерви по вид и количина и со истите се управува согласно Законот за стоковните резерви.

**10.2. Неправилности во искажување на билансните позиции**

10.2.1. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на соодветни ревизорски докази за состојбата на побарувањата. За ненаплатените побарувања во вкупен износ од 1,732,649 илјади денари беа испратени 15 конфирмации во износ од 1,557,134 илјади денари кои опфаќаат 90% од побарувањата. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиен е одговор од еден комитент во износ од 2.082 илјади денари (0,12% од испратените конфирмации).

Врз основа на изнесеното ревизијата не се увери во реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на побарувањата.

**10.3. Законско и наменско користење на средствата**

10.3.1. Во 2006 година извршена е продажба на 4,110 тони тутун на странскиот купувач Мед Тобако во вредност од 134,961 илјади денари. Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, продажбата на движните ствари се врши со јавно наддавање а кога истите не можат да се продадат на овој начин, се продаваат со непосредна спогодба, при што вредноста на движната ствар може да се намали до 40% од сметководствената вредност.

Со увид во материјалната евиденција на залихите ревизијата констатира дека сметководствената вредност на продадениот тутун е 692,305 илјади денари, и истата со намалување од 40% согласно Законот, може да се продаде најмалку за 415,383 илјади денари. Поради тоа остварена е загуба во износ од 280,422 илјади денари. ***(Прилог бр.1)***

**Забелешка**

Во 2006 година поведена е судска постапка за утврдување на законитоста на извршената продажба на тутунот на странскиот купувач Мед Тобако Компани од Швајцарија.

10.3.2. За превоз на стоки од стоковните резерви со превозникот Симекс-1 Кичево направени се расходи во вкупен износ од 6,874 илјади денари, од редовната сметка 962 илјади денари и од сметката за самофинансирачки активности 5,912 илјади денари. Поради фактот што направените расходи за превоз од еден во друг склад не се поврзани со купопродажбата на стоките, ревизијата констатира дека постои можност за злоупотреба на буџетските средства и стоковните резерви и не се увери во оправданоста на истите.

10.3.3. Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека се направени расходи за превоз на стоки во вкупен износ од 8,996 илјади денари, од редовната сметка 2,083 илјади денари и од сметката за самофинансирачки активности 6,913 илјади денари, за што не е спроведена постапка за јавна набавка, спротивно на одредбите на Законот за јавни набавки. Поради тоа не е обезбедена

- фер конкуренција и еднаква, недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентост и јавност како и


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

- ефективност, ефикасност и транспарентност во употребата на јавните средства

Наведените трошоци се направени заклучно со месец август 2006 година.

11. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.2, финансиските извештаи за сметката за самофинанансирачки активности на Бирото за стоковни резерви за 2006 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3 не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 27/09/2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Биро за стоковни резерви**
**Сметка за самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 805,254 | 284,139 |
| **Вкупно приходи** | **805,254** | **284,139** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 23,081 | 8,734 |
| Каматни плаќања | 7,320 | 8,194 |
| **Вкупно тековни расходи** | **30,401** | **16,928** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 706,141 | 247,589 |
| **Вкупно капитални расходи** | **706,141** | **247,589** |
| **Отплата на главнина** | **12,842** | **13,656** |
| **Вкупно расходи** | **749,384** | **278,173** |
| **Остварен вишок на приходи** | **55,870** | **5,966** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Биро за стоковни резерви**
**Сметка за самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 55,870 | 5,966 |
| Побарувања | 639,012 | 664,771 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 1,358,369 | 1,358,369 |
| Побарувања од државата и други институции | 2,402 | 21 |
| Активни временски разграничувања | 1,045,576 | 883,014 |
| Залихи | 3,758,733 | 3,334,125 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,859,962** | **6,246,266** |
| **Постојани средства** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 0 | 80 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **80** |
| **Вкупна актива** | **6,859,962** | **6,246,346** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 289,213 | 166,181 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 24,459 | 10,775 |
| Краткорочни финансиски обврски | 18,674 | 25,994 |
| Обврски спрема државата и други институции | 63 | 4,756 |
| Пасивни временски разграничувања | 2,630,516 | 2,553,370 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2,962,925** | **2,761,076** |
| **Долгорочни обврски** | **138,304** | **151,146** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3,758,733 | 3,334,124 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3,758,733** | **3,334,124** |
| **Вкупна пасива** | **6,859,962** | **6,246,346** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------